1100

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје
13. V. 1966



Наш интервју:

**БОЖИДАР ТОДОРОВСКИ — БОДЛЕ:**

# СЛИКАРСТВОТО ЗА МЕНЕ Е ЕПОПЕЈА ОД БОИ И ОДНОСИ НА ПРЕДМЕТИ



**Божидар Тодоровски — Бодле — Триумфален повраток**

**Името на Божидар Тодоровски — Бодле, ѝ е познато на нашата читачка јавност не само како поет туку и како сликар. Деновиве во изложбената просторија на Работничкиот дом — Универзитет во Скопје беше отворена втората самостојна изложба на овој млад македонски сликар. Беа изложени 29 експонати со претежно усовршена ималин техника, со примеси на растителни бои.**

**Отворањето на втората самостојна изложба на Божидар Тодоровски — Бодле, нè поттикна да го направиме и овој краток разговор со младиот уметник и поет. Го сретнавме во изложбената просторија како им објаснуваше на група ученици за изложените експонати. Тогаш најде малку слободно време да позборува и со нас.**

**Во продолжение на написов ги донесуваме неговите одговори на нашите пет прашања...**

**Како почнавте да сликате?**

— Не би можел да речам дека почнав случајно да сликам. Тоа е дамнешна моја потреба, тоа е и израз на една длабока контемплација на ликовен свет во мене, што секако кога и да беше ќе мораше како и што се стори, да се појави на видело. Гимназиските дни ми беа исполнети и со ликовни искажувања, па затоа и по завршувањето на гимназијата, јас всушност, како љубител и на театарските штици не можев да се определам која животна надградба и школување ќе ги земам на својот грб. И бидејќи со запишувањето на Театарската академија на некој начин промашив како глумец, својот пат почнав да го разоткривам и врз сликарската клавијатура на бои. Така овој пат од ден-на ден, а особено по првата самостојна изложба, ми стана боиште на кое сосема сериозно и сосема искрено почнаа да се судираат неколку света на филмот, песната и на секојдневните доживувања во еден затврднат свет што понекогаш добрите внушители го наречуваат слика.

**— Дали ви се случува она што не можете да го кажете во песната да го насликате на платно?**

— Секако дека неможноста за поетско искажување ако наиде на подруг подиум и ако за тоа постојат оправдани показатели и квалитети ќе се овистини во можност за ликовно искажување на животната поетика. Многу ми е драго што можам поетскиот збор да го заменам со боја и со ред на потези што ги чини четката за чевли или обичното парче крпа пронајдено на прагот на непотребштините.

**— Како би ни ја објасниле врската на вашето поетско творештво со сликарството?**

— Врската е, ми се чини, сосема видлива, зашто ова го зборувам од свое име. Не признавам поетско творештво без присуство на слика, ниту пак слика без присуство на поезија.

Одам по тие осмислености и инаку никако.

**— Како воопшто го замислувате сликарството?**

— Сликарството за мене претставува возвишена надградба на животната боја на светот, епопеја од бои и односи на предмети, или песна од ликовни чувствувања и доживувања на имагинацијата

**— Кои се вашите идни преокупации**

— Мојата искрена намера во сликарството е да ја пронаоѓам бојата што н[...] постои видливо, да ги раскажам најсензибилните додворувања на миговите човечки, да го пресоздадам обичниот пеј[...] саж од животности и облагородени тре[...] перење на воздухот, да соопштам с[...] сема на свој начин неоткриени ликовн[...] светови и да оставам зад себе творби шт[...] ќе го зачуваат ова жолто јужно поднеб[...] је со флеки од црнила.

Заедно со оваа моја обврска кон сликарството ќе се погрижам да ги усовр[...] шам по тајните на телевизиската режиј[...] и на сатирично-хумористичната поезија[...] зашто сметам дека овие три уметничк[...] експонирања на човековиот живот с[...] неразделни една од друга и доколку ус[...] пеам во тоа јас пред сѐ ќе му бида[...] благодарен на времето. А под поимо[...] време подразбирам широки простори з[...] творечка дејност. Ќе ми ги препушти л[...] некој тие!?

**Тр. СТОЈАНОВСК[...]**